Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

# Извадок на дел од дневните настани 09.12.2024

На 08.12.2024 во 06.15 часот во с.Кучевиште, скопско, полициски службеници од Единицата за интерветна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.П.(26) од с.Кучевиште, скопско. Тој се сомничи дека во текот на 2024 година во околината на Транспортен центар во Скопје извршил повеќе кривични дела дела „разбојништво“ и „тешка краба“ на дрзок начин и за него на социјални мрежи пишуваа граѓаните. Тој бил задржан во Полициската станица Аеродром и во консултација со јавен обвинител против е него е поднесена кривична пријава по брза постапка. Судија на претходна постапка му определил мерка притвор од 30 дена, по што бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор Куманово за издржување на мерката.

На 08.12.2024 во 20.40 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.С.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.12.2024) во 01.00 часот пред угостителски објект во с.Марино, општина Илинден, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.М.(22) од с.Марино затоа што кај него бил пронајден и одземен предмет со остатоци од бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.12.2024 во 22.30 часот на ул.„Васко Карангелевски" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.С.(20) од Битола затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 09.12.2024 во 02.50 часот, полициски лужбеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода Ѓ.Д.(46) од Демир Капија, постапувајќи по пријава од неговата 39-годишна поранешна сопруга од Демир Капија, дека пред нејзиниот дом ѝ се заканувал со остар предмет. Предметот бил одземен, а при преглед кај него била пронајдена и одземена растителна материја. Тој бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 08.12.2024 во 15.40 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го привеле И.В.(38) од Кавадарци кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба поради бегство од Казнено - поправната установа Затвор Идризово. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната.

На 08.12.2024 во 10.00 часот, полициски службеници од СВР Велес го привеле М.И.(38) од Велес, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на казна затвор во Казнено - поправната установа Затвор Идризово. Лицето било спроведено во установата за издржување на казната.
На 08.12.2024 во 20.20 часот во СВР Штип било пријавено дека на крстосница на ул.„Панче Караѓозов со ул.„Широк Дол“ во Штип, патничко возило „цитроен ц2“ со штипски регистарски ознаки, удрило во пешакот Џ.Е.К.(18) од Република Турција, со привремен престој во Штип, по што возачот го напуштил местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Клиничката болница Штип. По преземени мерки и активности, полициски службеници го пронашле возачот С.О.(44) од Штип и неговото патничко возило и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 08.12.2024 во 19.10 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Н.И.(20) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, бела прашкаста материја и кафеава грутчеста материја. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.12.2024 во 19.20 часот во атар на с.Трубарево, скопско, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.А.(21) и еден малолетник, двајцата од с.Трубарево и Б.Д.(46) од Скопје. Тие биле затекнати при вршење бесправна сеча на дрва, кои заедно со моторната пила биле одземени и предадени на Шумска полиција. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.12.2024 во Полициското одделение Чашка бил извршен службен разговор со Џ.И.(42) од село Долно Јаболчиште, општина Чашка. Претходно, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија при СВР Велес, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во неговиот дом, при што пронашле и одзеле една ловечка пушка и 16 куршуми за пушката. По документирање на настанот против Џ.И. ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.К.(22) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 19.09.2024 во парк во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Ѓ.(40) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“ во врска со „продолжено кривично дело“. На 03.10.2024 во с.Визбегово, скопско, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксваген голф“, управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин, а на 26.11.2024, при извршен претрес во домот на пријавениот, бил пронајден и одземен хероин.

На 09.12.2024 во 01.30 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Табановце го лишиле од слобода Б.О.(68) од Гостивар затоа што при пасошка контрола било констатирано дека бил баран по распис од ОВР Гостивар во врска со член 247 од Кривичниот законик. Лицето е спроведено и задржано во ПС Гостивар за понатамошна постапка.

Денеска (09.12.2024) во 02.50 часот во Скопје, пред угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Е.М.(18) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.12.2024 во 04.00 часот на Градскиот плоштад во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги привеле Ѓ.Ѓ.(25) и М.А.(21), двајцата од Росоман и А.Н.(23) од Кавадарци затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.С.(44) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „несовесно работење во службата“ и „фалсификување исправа“. Во текот на 2021 година во својство на службено лице како референт по сеча и дотур во Јавното претпријатие „Национални шуми“ – Скопје, ШС Галичица – Охрид, пријавениот ги повредил законските прописи со пропуштање на должен надзор и несовесно постапувајќи во вршењето на своите овластувања. Тој го фалсификувал извештајот за прием на дрвна маса и го искористил како да е вистинска исправа.

Денеска (09.12.2024) во периодот од 03.35 до 03.50 часот во Скопје, пред угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги привеле П.А.(18), Д.Д.(18) и малолетник, тројцата од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.12.2024) во 02.50 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за интрвентна полиција при СВР Скопје го привеле Л.А.(18) од Скопје затоа што во угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром во Скопје го нарушил јавниот ред и мир со физичка пресметка со двајца малолетници од с.Јегуновце, тетовско и с.Крушопек, општина Сарај. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ќ.М.(22) од дебарското село Могорче поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци“. На 11.03.2024 влегол во канцеларијата на експозитура за брзи кредити и доставил возачка дозвола од друго лице со која сакал неовластено да подигне пари.

Денеска (09.12.2024) во 04.00 часот во СВР Скопје, Е.М.(18) од Скопје пријавил дека околу 02.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром во Скопје бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2024 во Полициското одделение Ропотово било пријавено дека околу 10.20 часот настанал пожар во куќа во с.Житоше, сопственост на Џ.У.(35) од с.Житоше. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Прилеп.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против В.Р.(33) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи на безбедноста“. На 27.11.2024 на локален пат во кичевското село Осој, тој бил затекнат од патрола на Шумска полиција при нелегален транспорт на огревно дрво со возило „лада нива“. Притоа, тој не застанал на даден знак од овластените службеници на шумската полиција и со возилото удрил еден шумски полицаец, по што избегал. По преземени мерки, В.Р. бил пронајден и лишен од слобода.

На 08.12.2024 во 16.35 во ОВР Неготино било пријавено дека во куќа во село Црвени Брегови, неготинско, биле пронајдени починати Ј.Ј.(71) од Битола, Ф.Е.(66) од Ресен и малолетник од село Црвени Бregови. Лекар од Итна медицинска помош Неготино констатирал смрт, а увид на местото извршил Јавен обвинител во содејство со увидна екипа од ОВР Неготино. По наредба на јавен обвинител, телата на починатите се дадени на обдукција.

На 08.12.2024 во 19.27 часот во СВР Скопје, вработен како обезбедување на Зелен пазар - Тафталиџе пријавил дека околу 19.20 часот во кругот на пазарот пронашол една рачна бомба. Увид бил извршен, а екипа од антитероризам безбедно ја подигнале бомбата за понатамошна постапка.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет